Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија, постапувајќи по барањето на Основниот суд Скопје 2 Скопје во однос на прашања кои се појавуваат при преносот на извршните предмети од судовите во надлежност на извршителите и нотарите, на седниците одржани на ден 04.10.2013 година и 17.01.2014 година, во смисла на член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**На решението за извршување, задолжително треба да се става потврда за правосилност и извршност.**

***

**З А К Л У Ч О К**

**Во случаите кога со донесување на решение за извршување, со кое е усвоен предлогот за извршување, покрај главницата е дозволено извршување за наплата и на камата и извршни трошоци, иако во тие предмети повеќе од 5 и до 10 години не се превземени извршни дејствија и не се наплатени побарувањата на доверителите, треба да се примени законската регулатива.**

***

**З А К Л У Ч О К**

**Доставата на неправосилните предлози за ивршување, нотарите треба да ја вршат според одредбите на сега важечкиот Закон за парничната постапка.**

***

**З А К Л У Ч О К**

**Во извршните предмети во кои предлогот за извршување врз основа на веродостојна исправа е поднесен навремено, предложеното извршување е дозволено и е започната постапката за извршување, но не е завршена, се применува член 377 од Законот за облигационите односи за прекин на роковите за застареност.**

**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**